платформа на КПЈ во ослободителната војна и револуција; Бранко Петрановиќ: Раководствата на граѓанските странки и нивната политика за време на војната и револуцијата на народите на Југославија; Душан Живковиќ: Концепцијата на КПЈ за народна власт; Војмир Кљаковиќ: Меѓународните рамки на југословенската револуција; Венцеслав Глишиќ: Злосторството во Втората светска војна во светлоста на историјата и правото и Веселин Ѓуретиќ: Теоретско-методолошката смисла на односите класното и националното во НОВ.

Со оглед на периодот што го опфаќа овој Зборник, тој има значење и за историографијата на македонскиот народ. Имено, како што е познато, македонскиот народ не бил настрана од општојугословенските настани од 1914 до 1945 година, туку неговата историја е преплетена со историјата на другите југословенски народи, поради што овој Зборник има своевидно значење.

Н. В.

**Д-р Александар Стојановски, ДЕРВЕНЦИСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА, ИНИ, Скопје, 1974 г., 362.**

Монографијата „Дервенџиството во Македонија“ од д-р А. Стојановски е плод на повеќегодишни истражувања во архивите во Скопје, Сараево, Цариград и Анкара. Всушност станува збор за истоимената модифицирана докторска дисертација во која се инкорпорирани најновите научни сознанија за споменатава проблематика.

Монографијата е базирана врз обилна изворна документација и обемна литература. Во уводниот дел авторот критички се осврнува на консултираната литература. Освен тоа, авторот се задржува и на користените изворни материјали: пописни дефтери, канунами, битолски кадиски сицили, мухиме дефтери, патописни белешки, како и на народната поезија и традиција.

Монографијата содржи два дела: општ и посебен дел. Освен тоа, авторот дал резиме на македонски, руски и француски јазик. На крајот се дадени: библиографски преглед на консултираните извори и литература, регистер на географските и лични имиња, како и карта на дервенџиските села во Македонија.

Оваа најнова публикација на Институтот за национална историја е мошне луксузно опремена.

Во општиот дел (27—148), авторот, најпрвин се осврнува на предусловите и причините за појавата и развојот на дервенџиството. Задржувајќи се на воспоставувањето на дервенџиството, авторот истакнува: „Прво, воспоставувањето на дервенџиската служба не било насекаде едновремено извршено. Во Македонија тој процес најголем интензитет достигнал во втората половина на XV век. Притоа, не треба да се губи од вид дека за целото време од постоењето на дервенџиската институција, постојано доаѓало до нови, поединечни наложувања на дервенџиската служба, како и обратно, до нејзиното укинување во некои дервенџиски села.

Второ, Македонија е една од првите жртви на османлиското навлегување на Балканскиот Полуостров, па е нормално да се смета дека спаѓа меѓу земјите во кои процесот на воспоставувањето на дервенџиството започнал најрано, можеби уште кон крајот на XIV или во почетокот на XV век". (43) Натаму, авторот се задржува на прашањето: „Дали дервенџиството на Балканот е наследна, односно преземена институција?" при што заклучува: „... Дервенџиската институција е наследена од средновековните балкански држави. Тоа сепак не значи дека со османлиските завојувања на Балканскиот Полуостров не настанале никакви промени во службата за чување на патиштата што ѝ претходела на дервенџиството и оти таа била просто пренесена од предосманскиот период. Напротив, промените во економско-општествениот и политичкиот живот, предизвикани со тие завојувања, како и воопшто малоазиското искуство што со себе го носел завојувачот, морале да се одразат и врз устројството на таа служба". (49—50) Потоа, авторот ги изнесува задачите на дервенџиската служба. Говорејќи за организацијата на дервенџиската служба, Стојановски го истакнува „постоењето на две изразити етапи во развојот на организацијата на дервенџиската служба.

Првата етапа го опфаќа периодот од воспоставувањето на дервенџиството до средината на XVI век. Тоа е времето кога феудализмот на Османската империја се наоѓа во стадиум на својот полн развој, достигнувајќи ја при крајот на означениот период својата врвна точка. Аналогно на тоа и дервенџиството е во постојанен растеж. Типично за организацијата на дервенџиската служба во оваа етапа е тоа што жителите на едно дервенџиско село сите заедно се третирани како дервенџии, или, поточно, имале дервенџиски статус.

Кон средината на XVI век, во времето на султанот Сулејман Законодавецот, започнува втората етапа во развојот на организацијата на дервенџиската служба. Типично за оваа етапа е тоа што доаѓа до ограничување на бројот на ангажирано население за дервенџиската служба од едно село. Преостанатите, неангажирани жители се вклучени во бројот на обичната раја, задолжени да ги исполнуваат сите свои раински обврски кон својот директен феудален господар и кон државата". (60) Натаму, авторот, со многубројни примери, го насликал вршењето на дервенџиската служба. Притоа, авторот критички се осврнува врз гледиштето „според кое дервенџиската служба на Балканскиот Полуостров ја вршела исклучиво христијанската раја. Меѓутоа, новата изворна документација покажува дека тоа гледиште не е сосема исправно и оти треба да се коригира. Во улога на дервенџии се јавувала и муслиманската раја, макар и многу поретко. Овој факт потврдува дека централната османлиска власт, при решавањето на актуелните проблеми, каков што бил осигурувањето на патиштата, покажувала прилично голема еластичност, особено во времето на подемот на феудализмот во Османската империја. Во дадениот случај, за неа не играле улога верските и народносните мотиви". (302—3)

Анализирајќи ја општествено-економската положба на дервенџиското население, авторот заклучува: „**Дервенџиите биле составен дел од класата на феудално зависното население** во Османската империја. Она што суштествено ги одликувало од останатата раја, била нивната специјална служба во полза на државата, а не нивните даночни олеснувања, кои главно претставувале компензација за таа служба. Поради тоа, терминот **‚население со специјални задолженија'**, како ознака за дервенџиската раја, го сметаме како многу поадекватен и поблизок до реалноста отколку што е случајот со терминот ‚привилегирана раја'". (106) Натаму, авторот се задржува на отпорот на дервенџиското население — против феудалната експлоатација. Потоа говори за распаѓањето на дервенџиството, за обидите за оживување и за дефинитивното укинување на дервенџиската институција. Притоа истакнува: „Сè уште не е можно да се даде прецизен одговор кога дефинитивно било ликвидирано дервенџиството и дали за тоа бил издаден некој официјален документ од страна на централната османлиска власт. Во секој случај, тоа можело да стане во периодот на големите реформи во Османската империја, т.е. во времето на танзиматот, кога целата раја била изедначена во поглед на правата и даноците, а државата врз себе го презела финансирањето на изградбата и одржувањето на јавните објекти, како и обезбедувањето на јавниот ред и сигурноста". (135) На крајот на општиот дел, авторот го разгледува одгласот на дервенџиството во народната поезија и традиција.

Во посебниот дел (149—300), авторот го проследува развојот на 175 дервенџиски села во Македонија. Притоа ја опфаќа Македонија во нејзините природни историско-географски и етнички граници.

Монографијата за дервенџиството во Македонија, вака компонирана, претставува значаен придонес за проучувањето на овој вид феудално-зависно население не само во Македонија, туку и пошироко, во Османската империја.

Д. Д.

## М-р Владо Картов, ВАЛАНДОВО И ВАЛАНДОВСКО НИЗ ИСТОРИЈАТА, Скопје, 1972, 218.

Ја поздравуваме иницијативата на пишување монографски студии и дела за одделни градови и краишта во нашата Република, кое нешто сè почесто се практикува. Така во таа смисла излегоа од печат монографските трудови: Струмица и Струмичко, Прилеп и Прилепско (II тома), монографиите за Струга, Куманово, Кочани, Гостивар, Охрид, Злетовската област, а во најскоро време се очекува излегувањето од печат на монографијата за Дебар и Преспа. Таква слична монографска студија претставува и публикацијата на Владо Картов, под наслов — Валандово и Валандовско низ историјата, што излезе од печат во текот на 1972 година во издание на Општинското собрание на Валандово. Треба да нагласиме